РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar | 28-02-2023 | | |
|---|---|---|---|
| | Број Numer | Прилог Shtojce | Вредност Vlerë |

До: Министерство за финансии
(имател на информацијата) [redacted]

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Бараме информација за следното:**

1. **Дали се изработени решенија за определување на плати на државен службеник со зголемување согласно Законот за буџети (зголемување од 30%) од страна на Министерството за финансии ?**
2. **Дали истите се потпишани од овластеното и одговорното лице/лица?**
3. **Ако се изработени дали истите се евидентирани/заведени во деловодник со соодветен архивски број или уписот е поништен?**
4. **Дали решенијата со зголемен износ од плата се доставени до вработените во МФ ?**

**(опис на информацијата која се бара)**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак/Shenja e arkivit: ______
Рок на чување Afati i ruajtjes: ______
______ 20___ год./viti
Потпис/Nënshkrim
______

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информац ... ктер.

Подн

**Во Скопје, 28.02.2023 година .**

____________________

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republic of North Macedonia
**Ministry of Finance**

– Сектор за правни работи –

Архивски број:0[redacted]
Датум: 20.03.2023 20-03-2023

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

СЕ ОДОБРУВА барањето број 0[redacted] година, поднесено од страна на барателот

карак...

## Образложение

На ден 28.02.2023 го ...
зд ... онија, застапувано од законскиот застапник ...
Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информација „1. Дали се изработени решенија за определување на плати на државен службеник со зголемување согласно Законот за буџети (зголемување од 30%) од страна на Министерство за финансии?; 2. Дали истите се потпишани од овластеното и одговорното лице/лица?; 3.Ако се изработени дали истите се евидентирани/заведени во деловодник со соодветен архивски број или уписот е поништен?; 4. Дали решенијата со зголемен износ од плата се доставени до вработените во МФ?".

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имено, од страна на Министерот за финансии беа донесени решенија за определување на плата на административни службеници, меѓутоа поради неможноста за утврдување на специфичноста на работните задачи и посебната одговорност која произлегува од работното место, согласно со членот 66 став 3 од Законот за Буџети („Службен весник на РСМ" број 203/22), а со оглед на фактот што донесените решенија немаат предизвикано правно дејство и не настанале правни последици по донесувањето на истите, решенијата со одлука на министерот беа поништени.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на Сектор
Татјана Васева